


# Британските музички награди ќе се доделуваат вечерва

Екипата на "Антена 5" радио и годинава е присутна на одржувањето на британските музички награди "Брит авордс". Наградите ќе се доделуваат вечерва во лондонскиот "Ерл скорт". За 25-годишниот јубилеј на "Брит авордс", организаторите најавија дека годинава ќе има продолжено шоу со ексклузивни настапи.

Шоуто ќе се пренесува во 30 земји, а ќе го води познатиот радио ди-џеј Крис Еванс. Меѓу изведувачите ќе ги видиме "Скискор систерс", "Франц Фердинант", "Снуп дог" и Фарел Вилијамс... Боб Гедолф ќе ја добие наградата за особен придонес во музиката.

"Антена 5" радио е една од четирите радиостаници во светот што директно ќе го пренесува настанот. *(М.Џ.)*

# Голем интерес за концертот на "Мизар"




Од вчера во продажба се пуштени билетите за концертот на култната група "Мизар", и засега нивната продажба оди како алва. Концертот ќе се одржи на 20 февруари во Универзална сала и е уште една можност во живо да се слушнат сите нивни песни. Како што беше најавено, заедно со првите 500 билети се доделува и нивниот најнов албум "Кобна убавина" кој, веројатно, уште денес ќе ја пополни потребната бројка. Од организаторот на концертот "Авалон" продукција засега нема најава за втор концерт, но тоа најверојатно ќе се знае набрзо, зашто, како што тргнало, за концертот на "Мизар" набрзо ќе снема карти. **(В.М.)**

# Во продажба билетите за "Златна буба мара"



Од денеска од 17 часот ќе се продаваат билетите за манифестацијата "Златна буба мара на популарноста". Дел од нив ќе можат да се купат во Универзалната сала, а дел во музичката продавница "Југотон". Цената е 450 денари. Гратиси ќе има само за учесниците и за спонзорите, велат од радио "Буба мара".

Доделувањето на наградите за најпопуларните на естрадата ќе се одржи на 17 февруари во Универзалната сала. Годинава рекламната кампања на радиото е: не апстинирајте, дајте ги своите гласови, насмевки и аплаузи за најпопуларните. **(М.Џ.)**

*Од ланскиот настап на Тоше и Аки Рахимовски во дует*

# Македонски изворни песни на цеде

На македонскиот музички пазар наскоро ќе се појави цедето на Рајна Спасовска - легендарна пејачка на македонски традиционални песни. Албумот е насловен како "Блазе тебе, Шаин ѕвездо" и е снимен во студиото на "Профундус" во 2003 година. На албумот ќе има 12 традиционални изворни македонски песни, а во пејачкиот опус на Рајна досега се опеани над 500 изворни песни. На албумот се застапени ороводни, жетварски, љубовни и ритуални песни. Во снимањето на песните учествуваше и Оркестарот "Пеце Атанасовски". Сето ова е во продукција на "Профундс" . *(А.Г.)*